Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 07-396/11
30.04.2014 год
Новаци

Врз основа на лен 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ,, број 79/2009), член 14 и 36 став (1) точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ,, бр. 05/02) и член 12, 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Случбен гласник на општина Новаци,, бр.5/02), Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 30-04-2014 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на предлогот**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка**
**помеѓу Општина Новаци и Општина Битола**

Член 1

Советот на општината Новаци го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола, поднесен од градоначалникот на општина Новаци бр. О8-356/3 од 23.04.2014 година, за вршење на:

-вршење на противпожарна заштита , што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на општина Новаци

-учествува во финансирањето на противпожарната единица која го покрива подрачје на општина Новаци. со вработување на 4 пожарникари-извршители, согласно Законот за пожарникарство

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка и мислењето на градоначалникот, се доставува до општината Битола.

Член 3

Оваа Одлука велегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Новаци,,.

30-04-2014 година
Н о в а ц и

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо